**Програма за нови домови**

**УСЛОВИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ**
**на домовите од населбата Хабитат во Велес**

Согласно принципите на Habitat for Humanity International, целна група на програмите се семејства со ниски приходи кои живеат во неповолни/супстандардни услови.

За таа цел Хабитат Македонија има развиено интегрална методологија која на селектираните семејства им помага преку:

1. Ниска цена на новоизграден станбен простор
2. Поволни услови на финансирање

Проектираната цена на 1 $m^2$ станбен простор во новиот објект кој е дел од населбата Хабитат во Велес изнесува 485 евра во денарска противвредност, со можност истата да се намали или зголеми најмногу за 10%. Конечната цена се утврдува по техничкиот прием на објектите. Во цената е вклучено:

1. Платена закупнина за градежното земјиште кон Министерството за транспорт и врски на РМ, односно општина Велес, до денот на вселување во домовите;
2. Платен надоместок за уредување на градежното земјиште (комуналии) кон општината Велес;
3. Изграден станбен простор, според претходно утврдена спецификација;
4. Уредено градежно земјиште во околината на станбените објекти;
5. Данок на додадена вредност (ДДВ).

Домовите изградени со поддршка на Хабитат Македонија се финансираат од обновлив фонд. Од обновливоста на фондот зависи изградбата на домови за нови корисници. Обновливоста на фондот за изградба на новите домови се обезбедува со претворање на вредноста на секој новоизграден дом во поволен долгорочен заем.

Услови на заемот:

- Учество: 10%, плативо на денот на вселување во новоизградените домови;
- Каматна стапка: усогласена со објавената стапка на инфлација во претходната година и потоа зголемена за 1% годишно, променлива на годишно ниво;
- Рок на отплата: 20 години;
- Начин на отплата: еднакви месечни рати;
- Гаранции: лична меница и хипотека на новоизградените домови.

Избраните семејства се здобиваат со сопственост на домот со потпишувањето на купопродажниот договор, односно пред денот на вселувањето. Имотниот лист на домот е оптоварен со хипотека до конечната исплата на заемот.